Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 14.12.2021

На 13.12.2021 во 21.40 часот во угостителски објект на ул.„Прашка" во Скопје, Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лиши од слобода К.Д.(39) од Скопје. Тој бил баран по четири централни потерници, по издадени наредби на Основен суд Скопје 1, поради сомнение за сторени кривични дела „убиство" по член 123 од Кривичниот законик од 2014 година, „тешка телесна повреда" по член 131 и две кривични дела „учество во тепачка" по член 132 од Кривичниот законик. На него му била одредена и мерка притвор по сите четири наредби. Лицето ќе биде предадено на казнено поправна установа.

На 13.12.2021 во 12.00 часот во Радовиш, полициски службеници од Полициска станица Радовиш ја лишиле од слобода М.Е.(42) од Битола. За на ова лице била распишана потерница за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело „тешка кражба". Лицето било спроведено во Казнено - поправна установа „Затвор Идризово".

На 14.12.2021 на ул.„1 Мај" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода М.З.(34) и Н.Г.(35), двајата од Кичево. При прегледа во патничко возило „опел корса", со бугарски национални ознаки, во кое се превезуваше, кај М.З. била пронајдена и одземена ѓеса со кокаин. По целосно документирање на случајот против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.12.2021 околу 12.00 часот на ул.„Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Ј.Т.(52) од гостиварски Равен, затоа што при прегледа му биле пронајдени хероин. По целосно документирање на случајот на Ј.Т. ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 14.12.2021 во 01.00 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје во населба Влае го лишиле од слобода А.К.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.12.2021 во 03.20 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје во Градскиот парк ги лишиле од слобода И.Г.(23) и Х.К.(21), двајата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.12.2021 во 21.20 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Центар ги лишиле од слобода Т.А.(20) и Е.Ѓ.(21), двајата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.12.2021 во 21.40 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Бит Пазар ги лишиле од слобода Б.Б.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.12.2021 во 13.30 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Аеродром ги лишиле од слобода П.Л.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.12.2021, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Велес извршиле препис во домот на Д.П.(36) од Велес, при што била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.12.2021, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Велес извршиле претрес во домот на И.В.(30) од Велес, при што била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.12.2021 на автопатот Гевгелија – Скопје, полициски службеници од Полициска станица Гевгелија ги лишиле од слобода К.А.(20) од Прешево, Република Србија, затоа што при прегледа во товарно возило „Фиат дукато", со српско национални ознаки, кое го управувал, биле пронајдени 28 лица - мигранти, од кои 25 од Куба (20 полнолетни и 5 малолетни) и 3 од Индија. Претходно, во 19.20 часот на автопатот на место викано „Нова петла" во близина на Гевгелија, тој не застанал на даден знак од полициски службеници, а откако бил стигнат запрел, го напуштил возилото и се обидел да избега, но бил фатен и лишен од слобода. Мигрантите биле пренесени во Прифатен центар „Винојуг" во Гевгелија, а К.А. бил задржан во Полициска станица Гевгелија. Во координација со Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство за гоненење на организиран криминал и корупција Скопје по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.12.2021 во периодот од 15.50 до 18.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово, со судска наредба, извршиле претрес во домот на Б.А.(50) од Тетово. При претресот биле пронајдени и одземени ѓеса автоматска пушка со две празни рамки, 86 куршуми калибар 7,62 милиметри и 1 куршум за пуштол од истиот калибар. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.12.2021 во периодот од 07.00 до 13.00 часот на подрачје на СВР Струмица биле преземени засилени мерки над возила кои вршат јавен превоз на патници. Притоа, 38 возила биле упатени во станица за технички преглед, а кај 7 од нив (3 во Радовиш и по 2 во Струмица и Гевгелија) биле констатирани неправилности, од кои 4 имале неисправен уред за запирање, кај 2 недостасувала опрема, а кај едно возило бил неисправен уредот за управување. За констатираните прекршоци биле изречени соодветни санкции.

На 13.12.2021, во периодот од 08.00 до 14.00 часот СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што 13 возила кои вршат јавен превоз на патници биле упатени во станица за технички преглед. Притоа, кај 2 возила била утврдена техничка неисправност, 2 биле со недостатоци на опрема, 2 со измината важност на сообраќајната дозвола, 1 нерегистрирано возило и 1 со други недостатоци, додека 1 возило не се јавило во станица за технички преглед. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за неносење возачка дозвола, 2 за некорректне сигурносен појас и 6 за непропишано паркирање.

На 13.12.2021 во 14.10 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на ул.„Браќа Гиновски" во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од Б.К.(60) од с.Врапчиште и патничко возило „мерседес", управувано од М.Д.(26) од с.Равен, двете со гостиварски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „голф", А.Р.(54) од с.Врапчиште, констатираше по Медицинската служба во Гостивар. Извршен ќе биде увид од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 13.12.2021 во 18.40 часот во Полициската станица Центар, Н.Р.(37) од Скопје пријавил дека на кеј „13 Ноември" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (13.12/14.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 8 (осум) прекршоци.

На 13.12.2021 во 18.20 часот во Полициската станица Аеродром, Г.Б.(58) од Скопје пријавила дека на ул.„Јане Сандански" била касната од куче скитник.

Денеска (14.12.2021) околу 09.50 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле Р.Г.(51) од гостиварско Лешоко, осуден на едногодишна затворска казна за сторено кривично дело „кражба". По приведувањето, реализирано е судска наредба, Р.Г. е спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 13.12.2021 околу 23.00 часот на ул.„Димитар Двојаковски" во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип ги привеле А.Ј.(30) и Д.И.(34), двајата од Штип, бидејќи при прегледа кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и грутеста материја. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.12.2021 во 10.05 часот во с.Речица, кумановско, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Ј.И.(50) од Штип. При прегледа и извршена контрола било констатирано дека управувал патничко возило „фолксваген", со штипски регистарски ознаки, со фалсификувана возачка дозвола. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово-Полициска станица за безбедност на патишот сообраќај Тетово денеска (14.12.2021) од 07.00 до 10.00 часот, спровеле засилена акциска контрола во брзина со која се движат возилата во и надвор од населено место. При контролата биле откриени 24 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор и 9 во населено место. Деветнаесет од пречекорувања биле до возила со ограничена брзина, претежно товарни и автобуси. Сите прекршоци се соодветно санкционирани со изготвување на законски предвидените поднесоци и прекршителите ќе се соочат со парични глоби.

Денеска (14.12.2021) во периодот од 06.00 до 08.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар спровеле акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници на поширокото територијално подрачје, претежно автобуси и комбиња. При контролата, откриени и законски санкционирани се 9 неисправни возила. Четири од них имале неисправни сопирачки, едно неисправен уред за управување, додека четири биле со неизвршен технички преглед. Неисправните возила (5) биле исклучени од сообраќај и на возачите изготвени им се соодветни поднесоци.

Денеска (14.12.2021) во периодот од 07.00 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 7 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

Денеска (14.12.2021) во периодот од 07.00 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Струмица биле спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани се 18 возачи кои ја пречекорувале максималната дозволена брзина, од кои 5 биле откриени со т.н. „нокен радар".

СВР Охрид поднесе кривична пријава против П.Б.(21) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „дастурување". Тој, во периодот 02/03.11.2021, како вработен во спортска обложувалница во Охрид, противправно присвоил пари од прометот, од кои дел искористил да игра на ВЛТ апарати, а дел ги давал на играчите кои биле присутни во обложувалницата. На ова лице, при момент кога е осуетил правниот субјект во вкупен износ од 568.886 денари.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Р.В.(44) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При прегледа кај него и при претрес во неговиот дом, извршен на 23.09.2021 со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана.

На 14.12.2021 во 06.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека се употребе на сила и погодби алат било влезено во цркната „Рождество на Пресвета Богородица" на бул. „Крсте Мисирков" и биле одземени пари. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 13.12.2021 во 14.30 часот во СВР Скопје, З.П.(48) од Скопје пријавил дека околу 11.30 часот во близина на игралиште во основно училиште на подрачјето на Центар неговата малолетна ќерка, по претходно недоразбирање, била физички нападната од нејзин соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2021 во 20.17 часот во СВР Скопје, Д.Ц.(26) од Кратово пријавил дека околу 19.00 часот во маркет на подрачје на Аеродром вработената А.Р.(18) од Скопје била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Р.М.(39) од с.Падалиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконита експлоатација на минерални суровини". Приведениот, во периодот од 2018 година до 02.08.2021, вршел ископ и експлоатација на минерални суровини - камен варовник околу 400 м3 без концесија или дозвола издадена од надлежен орган.

На 13.12.2021 во 15.04 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање околу паркинг место, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.Д.(37) од Куманово и В.Б.(49) од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ќ.П.(24) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 03.09.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го затекнале приведениот во својот дом и покрај тоа што имал издадено Решение за изолација во домашни услови.

На 13.11.2021 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца самоволно се одделечил невнинот штитеник Р.Ц.М.(14) од Скопје, кој и претходно во повеќе наврати се одделечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Ш.(40) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". На 11.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не ја пронашле приведената во својот дом и покрај тоа што имала Решение за здравствен надзор и домашна изолација.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поша: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет